ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
С К О П Ј Е ц.о.
NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.p.
Бр. 02-12221/4
02 NOV 2023
20 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP

# *Г О Д И Ш Е Н   П Л А Н*
## за спречување на корупција

**СКОПЈЕ,**
**2023 ГОД.**

Врз основа на чл. 27 од Сатутот на Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје – Скопје, а во врска со заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од 50-та седница одржана на 02.03.2021 година, точка 83 заклучок бр.25, Управниот одбор на 36 – та седница на ден 03.11.2023 донесе:

## ГОДИШЕН ПЛАН
## за спречување на корупција

Согласно заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од 50-та седница одржана на 02.03.2021 година, точка 83 заклучок бр.25, сите органи на државната управа се задолжени да изготват годишен план за спречување корупција, а на иституциите кои немаат статус на орган на државна управа им се укажува од потребата за носење на ваков план кој ќе придонесе во ефикасноста на борбата против корупцијата во сите сфери на општественото живеење.

Корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото, односно наместо да владее правото и неговите вредности, во државата во која има корупција владеат поединци кои се раководени од лични користољубиви цели.

Под корупција, во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се подразбира **„искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг"**. Тоа значи злоупотреба на доверените јавни овластувања и положба за да се дојде до корист која не би требало да му припаѓа на службеното лице и кое на јавните работи им пристапува од користољубиви мотиви. Користа може да биде материјална или нематеријална, моментална или одложена, еднократна или повеќекратна, за себе или за други лица со кои службеното лице е во блиска, семејна или друг вид врска. Со оглед на карактерот на корупцијата како општествено штетна појава која постојано треба да се држи под контрола, основна стратешка цел во нејзината превенција и репресија е долгорочното оспособување и јакнење на нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупцијата.

Поимот корупција согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, ги опфаќа поимите на:

- **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Јавниот интерес е главното добро на кое е ставен фокусот за негова заштита во одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, а согласно истиот закон тој е дефиниран како:

Под поимот „јавен интерес" се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната

средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Приватен интерес подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања и должности

Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Корист, лична корист или користољубивост подразбира стекнување на имот и имотни права или други права (материјални и нематеријални) што на лицето не треба да му припаѓаат.

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на борбата против корупцијата, а како позначајни ги издвојуваме: Законт за спречување на корупција и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање, врз основа на кои се донесени и други подзаконски акти. Во меѓународни конвенциите како позначајни ќе ги спомeнеме Конвенцијата на обединетите [illegible]ции против корупција и Цивилната конвенција за спречување на корупција, кои се ратификувани од Република Северна Македонија и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

Донесувањето на овој годишен план е јасна порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана, неговото доследно применување претставуваат висок приоритет на претпријатието за 2024, се со крајна цел превенција и спречување на било какво коруптивно однесување на вработените во претпријатието.

Во рамки на превенцијата фокусот ќе биде насочен кон елиминирање на слабите точки кои создават можности за извршување на коруптивни дела.

***Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2024 година ќе биде ставен на унапредување на професионалноста на вработените од кои се очекува при извршувањето на своите работни задачи да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност и да работат во полза на јавниот интерес.***

За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

Самата специфичност на дејноста од јавен инетрес која ја извршува ЈСП СКОПЈЕ, а која пред се е насочена кон непречен и квалитетен јавен превоз, не остава голем простор за заживување на корупцијата во поширокиот аспект на работењето на претпријатието.

Овој план претставува основа за утврдување и дефинирање на ризичните области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокруг на работење, како и идентификување на конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Организационите единици кои се идентификувани како осетливи на корупција, и на кои особено се однесува годишниот план се следните:

- **Управување со човечки ресурси, јакнење на индивидуалниот и институционалниот интегритет:**

Непристрасна, ефикасна, ефективна администрација, која е независна од политичко влијание е еден од клучните делови во борбата против корупцијата. Администрацијата мора да работи на принципите на етичност и интегритет, а нејзините механизми за санкционирање на неетичкото и коруптивно однесување мора да се направат пофункционални.

При вработувањето во јавното претпријатие треба да се почитуваат сите процедури, а во законската рамка да се вклучат што повеќе мерливи критериуми и да се избегне дискрециона моќ. Голем чекор напред во намалување на ризикот за партизација на администрацијата во јавното претпријатие е направена со донесување и примена на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и измените на Законот за јавни претпријатија, каде во

голема мера вработувањето во претпријатието зависи од Годишните програми за вработување кои се одобрени од основачот на претпријатието и од надлежното министерство. Исто така МИОА, има клучна улога во процесот на усогласување и давање согласности на актите за внатрешна организација и актите за систематизација на институциите од јавниот сектор, па одтука можноста за коруптивно влијание при изготвување и донесување на самите акти во претпријатието е непостоечка.

Неопходно е во периодот кој претстои да се работи на јакнење на интегритетот на вработените на сите нивоа преку обуки од областа на интегритет во нивното работење, кои обуки како и досега континуирано се спроведуваат, како обврска од Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за јавни претпријатија, Законот за работни односи и Колективниот договор на претпријатието.

Вработените во претпријатието при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси. Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност, да го почитуваат и применуваат Кодексот за однесување во претпријатието и Кодексот за административни службеници.

## ➢ Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи

Да се биде укажувач на работното место воопшто не е лесна работа. Според македонскиот Закон за заштита на укажувачите кој се применува од 2016 година, заштитеното пријавување е пријавување со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје, со цел спречување на појава на корупција, има донесено Процедура за прием на пријави од укажувачи.

Покрај горенаведените мерки и активности, а со цел спречување на корупцијата, ЈСП СКОПЈЕ преку зајакнување на процесот на внатрешни контроли ќе обезбеди вработените во ЈСП СКОПЈЕ при спроведувањето на надлежностите детерминирани со законите и извршувањето на своите работни обврски, да постапуваат професионално, непристрасно, објективно и совесно, а особено да:

- постапуваат независно од секаков вид на пазарни интереси,
- не бараат или примаат директни упатства од државни органи или други јавни и приватни лица,
- не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси,
- не ги злоупотребуваат овластувањата,
- го унапредуваат процесот на законитост во работењето,
- рационално ги користат средствата предвидени во финансискиот план одобрен од страна на Основачот,
- обезбедуваат транспарентност и отчетност во работењето на претпријатието,
- почитуваат финансиската дисциплина,
- задолжително да пријават коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување на лица вработени во претпријатието.

## ➢ Јавни набавки

Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје како претпријатие кое располага со возен парк од преку 400 возила, поголемиот број автобуси, во останатиот дел леки коли, комбиња, камиони и други превозни средства спроведува голем број постапки за јавни набавки, и од тие причини претпријатието

посебно внимание како и досега ќе посвети на анализата на недореченостите и пропустите во процесот на јавните набавки.

Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финаниските ресурси на претпријатието.

Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата.

Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на:

- еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти;
- транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки;
- рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

Како и во досегашното работење на претпријатието, така и понатаму е неопходно доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика. Потребна е зајакната контрола и надзорот над спроведувањето на договорите за јавни набавки од надлежната организациска единица во претприајтието, која за да профункционира неопходно е да биде екипирана со потребниот административен капацитет.

Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени треба доследно да се почитува законот и интерните процедури во претпријатието. Со почитување на процедурите и покажување на висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво коруптивно однесување.

Дополнително, внатрешната ревизија во претпријатието е корективен механизам кој го помага континуираното подобрување на работните практики и ги намалува коруптивните закани. Отчетното управување со финансии е од витално значење, а во таа насока претприајтието согласно законските и статутарните обврски редовно и ажурно ги прави достапни за јавноста : Планот за јавни набавки, Инвестициона програма, План за работа и развој, Годишен извештај за работење, квартални извештаи за работење, завршните сметки.

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА ВО ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ - Скопје | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Област 1: Индивидуален и институцинален интегритет** | | | | |
| **Реден број** | **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** |
| 1. | Унапредување на личниот и професиналниот интегритет и етика на вработените | Поттикнување на континуирана доследност во почитување на професионалните, етичките и правилата на работење во претпријатието | - Раководна структура на претпријатието:<br>- Генерален Директор, оперативен директор, технички директор<br>- Раководители на организациони единици: Сектори, Одделенија, и Оддели | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Професионален развој на вработените и унапредување во начинот на комуникација | Развој и спроведување на управување со човечки ресурси за нивен професионален развој и надградба | - Раководна структура на претпријатието:<br>- Генерален Директор, оперативен директор, технички директор<br>- Раководители на организациони единици: Сектори, Одделенија, и Оддели | Континуирано |
| 3. | Посветеност на раководството во креирање на морална и организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на нивната ранливост од корупција | - Раководна структура на претпријатието:<br>- Генерален Директор, оперативен директор, технички директор<br>- Раководители на организациони единици: Сектори, Одделенија, и Оддели | Континуирано |
| 4. | Континуирано следење на извршување на работните задачи | Спроведување на работни задачи | - Раководители на организациони единици: Сектори, Одделенија, и Оддели | Континуирано |
| 5. | Обука на вработени за различен делокруг | Обука на вработените за различен делокруг на работни активности, како полесно би се реализирала замена во случај на отсутен вработен и потреба од неодложно завршување на определена обврска согласно работните процеси | - Одделение за управување со човечки ресурси<br><br>- Одделение за безбедност и здравје при работа | Континуирано |
| **Област 2: Унапредување на квалитетот на работа во претпријатието** | | | | |
| **Реден број** | **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** |
| 1. | Примена на Етичкиот кодекс од вработените | Потпишување на изјави за прифаќање и примена на Етичкиот кодекс од вработените | - Сектор за правни и општи работи<br>- Одделение за управување со човечки ресурси | Континуирано |
| **Област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи** | | | | |
| **Реден број** | **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** |
| 1. | Подигнување на свеста на вработените во претпријатието за можностите за постапување по Законот за | Запознавање на вработените во претпријатието со Законот за заштита на укажувачите со Процедурата за начинот на постапување за | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | заштита на укажувачите и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | заштита внатрешно пријавување | | |
| **Област 4: Јавни набавки** | | | | |
| **Реден број** | **Мерка** | **Активност** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** |
| 1. | Изработка/Усогласување на процедурите за јавни набавки за сите процеси кои не се опфатени со Законот за јавни набавки и кои не се детално прецизирани, вклучувајќи го Годишниот план за јавни набавки | Изработка и усогласување на процедурите за јавни набавки за сите процеси кои не се опфатени со Законот за јавни набавки и кои не се детално прецизирани, вклучувајќи го Годишниот план за јавни набавки | - Сектор за јавни набавки<br>- Сектор за правни и општи работи | Континуирано |
| 2. | Зајакнување на интегритетот во јавните набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки и интерните процедури за сите инволвирани вработени во процесот на јавни набавки | Сите инволвирани вработени во процесот во јавни набавки | Континуирано |
| 3. | | Спроведување на сеопфатни периодични анализи од спроведените јавни набавки вклучувајќи ги сите фази од процесот на јавните набавки со мерки за подобрување | - Лице за вршење работи од областа на јавните набавки<br>- Сектор за јавни набавки<br>- Одделение за правни и општи работи | Континуирано |
| 4. | | Професионален развој и континуирана едукација на вработените учесници во процесот на јавни набавки | Сите инволвирани вработени во процесот во јавни набавки | Континуирано |

За реализација на планираните активности надлежни се сите сектори/одделенија/оддели за што континуирано ќе го информираат директор на ЈСП .

Овој план ќе биде објавен на интернет страната на претпријатието, а раководителите на секторите/одделенија, самостојни одделенија/оддели се должни да ги информираат вработените за содржината на истиот.

Управен одбор на ЈСП СКОПЈЕ - Скопје
Претседател

Горан Илијевски